**20150170358**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 4 декември 2014 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ГИНЕКОЛОШКО АКУШЕРСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност (број 02-6330/4 од 21 март 2008 год), по член 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Фондот за здравствено осигурување на Македонија на здравствените установи им ги плаќа здравствените услуги од областа на Биомедицинско потпомогнато оплодување со гестациски носител по цена од 46.000 денари по завршена услуга.

| Шифра | НАЗИВ НА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА | Референтна цена |
|---|---|---|
| БПО02 | Биомедицинско потпомогнато оплодување со гестациски носител | 46.000 |

Цената од став 1 се однесува на услугите дефинирани со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, и тоа за

Вонтелесно оплодување преку:

- спојување јајце клетки и сперматозоиди надвор од телото на жената и
- внесување ембриони во половите органи на жената.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-20500/4
9 декември 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.